НУЦК „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК“- ТЕТОВО
INQK “ILO ANTESKI-SMOK”- TETOVË
NICC “ILO ANTESKI-SMOK”- TETOVO

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

2021

ТЕТОВО, 2022

Врз основа на член 31-б став (1) од Закон за Културата („Службен весник на Република Северна Македонија"44/2014) и член 12, точка 10 од Статут на НУЦК. „Иљо Антески – Смок„ - Тетово, бр.0101-18/6 од 16.04.2015, Директорот на Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок"-Тетово, доставува:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК"-ТЕТОВО ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2021-31.12.2021

**ТЕТОВО**
**2022**

# Содржина:

Вовед ........ 4

**I.** Органи на раководење и управување ........ 5

**I.1** Орган на раководење ........ 5

**I.2** Орган на управување ........ 5

**II.** Наплати и исплати според извршени постапки ........ 6

**III.** Програмски дел ........ 7

**III.1** Активности ........ 7

**III.2** Наративен извештај ........ 9

**IV.** Финансиски извештај ........ 16

Заклучок ........ 21

# ВОВЕД

НУЦК „Иљо Антески-Смок”-Тетово е изградена во 1973 година, а со работа на администрација службено започна во 1975 година. Овој објект има површина од 6.500 квадратни метри, од кои 780 м2 се дел од бината.

За организирање на музичко-сценски и други активности, Центар за Култура поседува голема сала со 661 седишта, како и мала сала со 50 седишта за разни промоции.

Центарот за Култура е важен носител на културни, уметнички и сценски активности во Тетово и тетовско. Е пристојна за одржување на концерти, разни музичко-сценски активности, претстави, промоции, изложби, концерти за ансамбли, оперски, одржување на политички активности, а истовремено со своите дејности, активно дејствува за промоција и остварување на културни вредности.

За секоја година, во овој објект нивните активности ги одвиваат стотици уметници од разни профили од сите националности и разни јазици, актери, музичари, пејачи, игроорци, балетани, сликари идр. А годишно во Центарот за Култура се одржуваат над 100 активности, со над 50.000 посетители.

# I. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

## I.1. ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ (ДИРЕКТОР)

Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок“-Тетово, се раководи од директорот, кој се избира од Министерство за култура преку јавен оглас, со мандат од 4 (четири) години со право за избор и за еден втор мандат. Директорот на установата за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година ги раководел, координирал и ги елиминирал сите можни препреки за непречено реализирање на сите матични и другите активности кои се организирани од здруженија, институции и слично.

## I.2. ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР)

Управниот одбор на Центарот за култура го сочинуваат 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои двајца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените на Центарот за култура. Управниот одбор во период 01.01.2021-31.12.2021 година, има реализирано 6 (шест) седници, податоци со табеларен приказ.

| Датум на седници | Одлуки | Согласности | Усвојувања |
|---|---|---|---|
| 22.02.2021 | 3 | / | / |
| 16.03.2021 | 2 | / | / |
| 04.05.2021 | 1 | 1 | 1 |
| 16.06.2021 | 1 | 1 | / |
| 06.08.2021 | / | / | / |
| 25.12.2021 | / | / | 1 |
| **Вкупно: 6** | **7** | **2** | **2** |

# II. НАПЛАТИ И ИСПЛАТИ СПОРЕД ИЗВРШЕНИ ПОСТАПКИ

НУЦК. „Ињо Антески-Смок“- Тетово, во врска со извршените постапки, на 30.06.2017 година, преку адвокатска канцеларија на Адвокат Јетмир Беџети ул. „Илинденска“ бр. 64- Тетово до Нотар Нита Џафери ул. „Дервиш Цара“ бр.28 Тетово, врз основа на договор бр. 03-132/2 од 29.12.2016 година, во својство на доверител има поднесено предлог за донесување Решение врз основа на веродостојна исправа кон Општина Тетово (должник), за реализирање на долг во износ од 942.400.00 денари, долг кои произлегува од неплатени фактури за услугата користење на големата сала за различни културни активности кои се организирани од Општина Тетово, за овој предмет НУЦК. „Ињо Антески-Смок“- Тетово, има добиено правосилно Решение од Апелациониот Суд Гостивар бр. ТСЖ бр. 286/17 со кое решение, Решението на Основниот Суд Тетово ТС1 бр.31/17 од 01.11.2017 година **СЕ ПОТВРДУВА.** По правосилното Решение од Апелациониот Суд Гостивар бр. ТСЖ бр. 286/17, од овластениот адвокат Јетмир Беџети на 24.04.2018 година, до Извршител Цветанка Треневска–Тетово, ул. ЈНА бр. 28/1-3, Тетово, Надлежен за подрачјето на Основен Суд Тетово, е поднесено **барање за извршување**.

Врз основа на правосилното Решение од Апелациониот Суд Гостивар бр. ТСЖ бр. 286/17 Извршителот Цветанка Треневска има донесено Налог за Извршување бр. 639/18 од 24.04.2018 година, според кој налог на 17.12.2021 година во жиро сметката на Центар за култура Тетово, од Општина Тетово се исплатени 1,328,762.00 денари за главното побарување од 942.400.00 денари.

# III. ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

## III.1. АКТИВНОСТИ

НУЦК. „Иљо Антески Смок“- Тетово, во нејзиниот објект за прикажување на разни настани ја има големата сала со 661 седиште и малата сала погодна за разни мали промоции со 50 седишта.

Во период од 01.01.2021 до 31.12.2021 во Центарот за Култура се има одржано вкупно 39 разни настани, од кои повеќето се од драмска и музичка дејност. На овие активности, во Центарот за Култура фрекуентирале 8.960 љубители на уметноста од сите националности во земјата и религии.
Во споредба со минатата година за овој ист период, поради пандемијата не може да направиме споредба, бидејќи во разни периоди немало протокол за работа. Дел од сопствените активности, Центарот за Култура ги има реализирано во последниот квартал на 2021 година, поточно во месец Декември. Проектите кои не беа реализирани во главном беа поради причините на пандемијата, како и треба да се напомене дека од месец август па до почеток на декември делот на фоајето беше наменето како пункт за вакцинација против КОВИД-19, па и го отежна нормалното функционирање на установата.
Големата сала на Центарот за Култура, пропорционално го користи и Тетовски Театар, и тоа секој четврток и петок од годината, а и други термини пред реализација на премиери.
Ако се земе во предвид дека протоколите низ цела година не дозволуваа број на посетеност, може да се каже дека скоро кај сите активности било до максимум дозволениот број, а дел од активностите организаторите беа приморани и да ги реализираат камертални поради зголемениот број на заразени во разни периоди низ годината, и да се избегне евентуална голема посетеност.

Активностите поделени по видот, за период од 01.01.2021- 31.12.2021 на табеларен преглед би изгледало:

| БР. | ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ НА АКТИВНОСТ |
|---|---|---|
| 1. | Претстави | 9 |
| 2. | Класична музика и балет | 8 |
| 3. | Фолклор | 3 |
| 4. | Изложби | 5 |
| 5. | Саеми | 1 |
| 6. | Трибини | 4 |
| 7. | Политички средби | 1 |
| 8. | Забавна музика | 3 |
| 9. | Активности за деца | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Хуманитарни активности | 0 |
| 11. | Филм | 1 |
| 12. | Литературна дејност | 3 |
| | **Вкупно** | **39** |

Според категоријата на возраст:

| Бр. | Категорија на возраст | Вкупно настани | Вкупно посетеност |
|---|---|---|---|
| 1. | до 12 | 3 | 410 |
| 2. | +12 | 12 | 2,260 |
| 3. | +18 | 24 | 6,290 |
| | **Вкупно** | 39 | **8,960** |

Активности според национална основа:

| Бр. | Активност според националност | Вкупно активности | Вкупна посетеност |
|---|---|---|---|
| 1. | Мешана | 10 | 3,300 |
| 2. | Албански | 18 | 3,210 |
| 3. | Македонски | 10 | 2,300 |
| 4. | Српски | 1 | 150 |
| 5. | Турски | 0 | 0 |
| 6. | Ромски | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | 39 | **8,960** |

Центарот за Култура има склучено договори со сите организатори, освен Тетовски Театар кои се под ист објект со нашата институција.

| Бр. | Склучени договори | Ослободување од плаќање | Вредност |
|---|---|---|---|
| 1. | По одобрение на Министерство за Култура и Влада | 1 | 14.160 |
| 2. | Тетовски театар | (68 дена) | / |
| | **Вкупно** | | 14.160 |

## III.2. НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

**Февруари 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| претстава | Тетовски Театар | 12.02.2021 | / |

01) 12.02.2020 (петок) – Тетовски театар ја реализираше претставата „Страст и алчност“ на режија на Фитим Селими. Претставата беше реализирана како подготовка за учество во фестивал. Немаше присутни.

**Мај 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| политички средби | СДСМ | 09.05.2021 | / |
| трибина | Библиотека „Кочо Рацин“ | 28.05.2021 | 60 |

01) 09.05.2021 (Недела) – Во холот на Центарот за Култура се одржа Конгресот на СДСМ – огранок Тетово.
02) 28.05.2021 (Петок) – Во холот на Центарот за Култура во организација на НУ библиотека „Кочо Рацин“ – Тетово, врачување награди за победниците од литературниот конкурс за најдобра песна и расказ. На настанот според протокол учествуваа 60 посетители.

**Јуни 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| класична музика и балет | Данце Фест | 06.06.2021 | 30 |
| изложба | Општина Тетово | 08.06.2021 | 30 |
| изложба | Општина Тетово | 09.06.2021 | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| литературна | Здруженое „Традита“ | 10.06.2021 | 30 |
| класична музика и балет | Општина Тетово | 12.06.2021 | 100 |
| класична музика и балет | Општина Тетово | 14.06.2021 | 150 |
| претстава | Општина Тетово | 15-17.06.2021 | 450 |
| изложба | Општина Тетово | 15.06.2021 | 30 |
| класична музика и балет | Општина Тетово | 21.06.2021 | 150 |
| претстава | Тетовски Театар | 22.06.2021 | 50 |
| изложба | Општина Тетово | 24.06.2021 | 50 |
| забавна музика | Општина Тетово | 25.06.2021 | 150 |
| трибина | Здружение „Диги-скул“ | 26.06.2021 | 150 |
| литературна | Општина Тетово | 26.06.2021 | 50 |
| класична музика и балет | Општина Тетово | 28.06.2021 | 150 |
| забавна музика | Општина Тетово | 30.06.2021 | 150 |

01) 06.06.2021 (Недела) – Во рамките на фестивалот за современ танц Dance Fest, се реализираше соло танцот на француско-сенегалскиот уметник Амала Дианори. На активноста учествуваа 30 посетители.

02) 08.06.2021 (Вторник) - Како дел од 8-то издание на културната манифестација „Лето на тетовската култура“, во фоајето на Центарот за култура се одржа изложбата „Убавицата и книгата“, во организација на младите уметници, ученици од трета година на уметничкиот правец на Гимназијата „7 март“, под раководство на професорката Небије Бериша Алими. На активноста учествуваа 30 посетители.

03) 09.06.2021 (Среда) - во фоајето на Центарот за култура во организација на македонско-хрватското друштво од Тетово, се одржи изложбата „Хрватска низ времето“. На активноста учествуваа 30 посетители.

04) 10.06.2021 (Четврток) – Се одржа 8-та едиција на културната манифестација „Врската не доближува“ во организација на Здружението „Традита“ – Тетово. На настанот учествуваа 30 посетители.

05) 12.06.2021 (Сабота) – Во склоп на Културно лето, во големата сала на Центарот за Култура гостуваше Универзитетот на Приштина со оркестрален концерт. На настанот учествуваа 100 посетители.
06) 14.06.2021 (Понеделник) - Во големата сала на Центарот за култура во Тетово се одржа рециталниот концерт на виолинистката Хана Абдулахи. На настанот учествуваа 150 посетители.
07) 15-17.06.2021 (Вторник-Четврток) - Драмското студио Летачка Театарска Трупа ја реализираше комедијата „Ожалостена Фамилија“ на Бранислав Нушиќ. На трите настани имаше 450 посетители.
08) 15.06.2021 (Вторник) - Со уметничка изложба на дваесетина експонати организирана во Центарот за култура „Ицо Антески-Смок“ во Тетово, беше финализиран превентивно-едукативниот проект „Стоп на говорот на омраза“, кој трета година по ред го спроведува Отсекот за превенција на Секторот за внатрешни работи Тетово, во соработка со ОБСЕ и тетовската и гостиварската локална самоуправа. На настанот учествуваа 30 посетители.
09) 21.06.2021 (Понеделник) - Во Центарот за култура Тетово се реализираше балетската претстава „Цветен танц“ во организација на балетското студио „Менада“ во кореографија на Јелена Мирчевска и Наташа Оклевска Момировска. На настанот учествуваа 150 посетители.
10) 22.06.2021 (Вторник) - Во големата сала на Центарот за култура се реализираше репризата „Страст и алчност“, во организација на Тетовскиот Театар, Автор: EUGENE O'NEILL Режија: ФИТИМ СЕЛИМИ. Со оваа претстава Тетовскиот театар ќе учествува на 8-то издание на Балканскиот меѓународен театарски фестивал во Бурса, Турција. Во настанот учествуваа 50 посетители.
11) 24.06.2021 (Четврток) – Во холот на Центар за култура Тетово, се реализираше самостојната изложба со дигитални дела под наслов „Дигитализирани духовни вибрации“ од уметникот и Државниот секретар во Министерство за култура, Валмир Азири. На настанот учествуваа 50 посетители.
12) 25.06.2021 (Петок) – Во организација на Општина Тетово, во склоп на „Културно лето“, во Центарот за култура се одржа концертот на солистката Елита Зибери. На настанот учествуваа 150 посетители.
13) 26.06.2021 (Сабота) – Во организација на Здружението „Диги-скул“, во Центарот за Култура беа доделени дипломи за успешните ученици на оваа здружение. На настанот учествуваа 150 посетители.
14) 26.06.2021 (Сабота) – Во склоп на „Културно лето“, Здружението „Оенеум“ одржа литературна манифестација. Во настанот учествуваа 50 посетители.
15) 28.06.2021 (Понеделник) - Во Центарот за култура, се реализираше модерниот танц на балетското студио Менада под наслов „The unreality of time“. На настанот учествуваа 150 посетители.

16) 30.06.2021 (Среда) - Во организација на Општина Тетово, во склоп на „Културно лето“, во Центарот за култура се одржа концертот на солистот Селами Колоња. На настанот учествуваа 150 посетители.

**Јули 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| класична музика и балет | Општина Тетово | 05.07.2021 | 150 |
| фолклор | Општина Тетово | 10.07.2021 | 150 |
| театар | Тетовски Театар | 15-16.07.2021 | 300 |
| класична музика и балет | Општина Тетово | 17.07.2021 | 50 |

01) 05.07.2021 (понеделник) - Во Центарот за Култура се реализираше детскиот фестивал „Јаболчиња“, како и промоцијата на албумот „Т'мница“ од Никола Димовски на 40 годишнината од неговата кариера. На настанот учествуваа 150 посетители.
02) 10.07.2021 (сабота) - Здружението на Срби и Македонци КУД „Бранко Чајка” во големата сала на Центар за култура „Иљо Антески-Смок“-Тетово ја одржи третата манифестација „Фолклорни игри под Шара“. На настанот учествуваа 150 посетители.
03) 15-16.07.2021 (четврток-петок) - во големата сала на Центарот за култура, Тетовскиот театар ја реализираше премиерата и репризата на претставата „Проколнатите“, автор Олса Пошка и во режија на Гент Чајани
04) 17.07.2021 (сабота) – Во организација на Општина Тетово, беше одржан солистички концерт на Јозеф Менга во клавир. На настанот учествуваа 50 посетители.

**Август 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| филм | Општина Тетово | 28.08-03.09.2021 | 1.750 |

01) 28.08-03.09.2021 (сабота-петок) – Во организација на ТИФФ Ода, се одржа меѓународниот филмски фестивал, на кои беа прикажани 13 долгометражни и 40 краткометражни домашни и странски филмови. На овој фестивал имаше 1.750 посетители.

**Септември 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| класична музика и балет | Здружение Артал | 08.09-29.09.2021 | 750 |
| Трибина | Министерство за Култура | 23.09.2021 | 50 |

01) 08-29.09.2021 – Здружението Артал – Тетово, го реализираше Меѓународниот Фестивал „Меридианс“. Вкупно беа реализирани 6 концерти. На оваа манифестација имаше 750 посетители.

02) 23.09.2021 (четврток) се одржа презентацијата на новиот начин на онлајн аплицирање за проекти од национален интерес во културата за 2022 година. Обуката ја одржаа претставници од Министерството за култура на РСМ

**Октомври 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Театар | Летечка театарска трупа | 12,28.10.2021 | 500 |
| Театар | Летечка театарска трупа | 19-20.10.2021 | 500 |
| Литература | Дитет е Наимит | 21-23.10.2021 | 150 |
| Театар | Здружение Пурпура | 25.10.2021 | 50 |

01) 12, 28.10.2021 (вторник) – Во големата сала на Центарот за култура се реализраше премиерата и репризата на театарска претстава за деца „Снежана и седумте џуџиња“ од Летечката Театарска Трупа. На двете настани имаше вкупно 500 посетители.
02) 19-20.10.2021 (вторник- среда) - Во големата сала на Центарот за култура се реализраше премиерата и репризата на театарска претстава за деца „Убавицата и ѕверот“ од Летечката Театарска Трупа. На двете настани имаше вкупно 500 посетители.
03) 21,23.10.2021 (четврток, сабота) – Во организација на МФП „Дитет е Наимит“ се одржи 25-то издание на Меѓународниот поетски фестивал „Ditët e Naimit“, како и промоција на книги. На настаните учествуваа вкупно 200 посетители.
04) 25.10.2021 (Поеделник) -Денес во Центарот за Култура во Тетово се приреди претставата „Том, Џери и Бени“, организирана од Здружение „Пурпура„ и Центарот за Аутизам „Флутуро пер јетен“ – Тетово. На настанот учествуваа 50 посетители.

**Ноември 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Трибина | Сојуз на борци | 18.11.2021 | 200 |
| Фолклор | Здружение на Албански педагози | 22.11.2021 | 300 |
| Театар | ЦК. „И.А.-Смок“ | 30.11.2021 | 50 |

01) 18.11.2021 (четврток) – Сојуз на Борци на град Тетово, одржаа редовна годишна средба со повод ослободувањето на Тетово. На настанот имаше 200 посетители.
02) 22.11.2021 (понеделник) – По повод Денот на Албанската Азбука, КУД Џеладин Зеќири организираше годишен концерт. На настанот учествуваа 300 посетители.
03) 30.11.2021 (вторник) – Во организација на Центарот за Култура, а подржана од Министерство за Култура се реализираше премиерата на претставата „Магична кутија“, во режија на Марко Богдановски. На настанот имаше 50 присутни.

**Декември 2021**

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Театар | ЦК. „И.А.-Смок“ | 01.12.2021 | 50 |
| Акт. За деца | Блетезат | 02.12.2021 | 300 |
| Фолклор | ЦК. „И.А.-Смок“ | 09.12.2021 | 300 |
| Изложба | ЦК. „И.А.-Смок“ | 10.12.2021 | 150 |
| Театар | Тетовски театар | 16-17.12.2021 | 100 |
| Забавна музика | Драмско студио | 25.12.2021 | 300 |
| Саем | Здр. На Албански просветители | 27-31.12.2021 | 1.000 |

01) 01.12.2021 (среда) - Во организација на Центарот за Култура, а подржана од Министерство за Култура се реализираше репризата на претставата „Магична кутија“, во режија на Марко Богдановски. На настанот имаше 50 присутни.

02) 02.12.2021 (четврток) – Во големата сала на Центарот за Култура беше одржан Фестивалот за деца „Блетезат“, каде учествуваа деца од Тетово и регионот. На настанот имаше 300 посетители.

03) 09.12.2021 (четврток) – Во организација на Центарот за Култура, а подржано од Министерство за Култура се реализираше 10-та едиција на Фестивалот на староградски песни „Теута“. Вкупно се претставија 5 групи и тоа од Тетово, Гостивар, Куманово, Прешево и Приштина. На настанот имаше 300 посетители.

04) 10.12.2021 (петок) - Во организација на Центарот за Култура, а подржано од Министерство за Култура, се реализираше колективната изложба со фотографии насловена „Момент“, каде учествуваа уметници од регионот како и Германија и Египет. На настанот имаше 150 посетители.

05) 16-17.12.2021 (четврток-петок) – Тетовски Театар ја реализираше премиерата и репризата на камерната претстава на Македонски јазик „Малограѓанска свадба“. На настанот вкупно имаше 100 посетители.

06) 25.12.2021 (сабота) – Во големата сала на Центарот за култура се реализираше седмото издание на манифестацијата „И Тетовските Глумци Поа" кое традиционално се организира пред Нова година. На настанот имаше 300 присутни.

07) 27-31.12.2021 (понеделник-петок) – Во организација на Здружението на Албански просветители беше реализиран саемот на книгата. На саемот имаше околу 1.000 посетители.

# IV. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Период од 01.01.2021 до 31.12.2021

## РАСХОДНА СТАВКА 401 - ОСНОВНИ ПЛАТИ

Вработените кои со нивниот активност придонесуваат за реализирање на годишната програма на установата, износот за подмирање на платите и персоналниот данок е во вкупен износ 8,543,502.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 402 - ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Обврските кои произлегуваат од подмирање на долговите спрема вработените за придонеси се во вкупен износ 3,322,466.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 421 - КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ

Трошоците на Центарот за Култура за потребите за електрична енергија за нејзините 6.500 м2 корисна површина и од тоа што истата инфраструктура ја користат и другите институции: Националната установа Тетовски Театар, Американското Катче (American Corner Tetovo) се во вкупен износ 759,439.00 денари. Активностите ослободени од плаќање од страна на Министерството за Култура влијаат врз буџетот на Центарот за Култура двојно повеќе бидејќи се одвиваат во време кога побарувачката на културни активности е поголема. Вкупниот износ на трошоците за електричната енергија, водовод и канализација, други комунални такси и услуги, други материјали за греење, пошта, телефон е во износ од 1,712,347.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 423 – МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

Во расходната категорија потрошени материјали и ситен инвентар вкалкулирани се видови и количини на материјали кои се неопходни за нормално извршување на работните задачи: канцелариски материјали, материјали за АОП, униформи, прехранбени производи, средства за одржување хигиена, ситен инвентар, материјали за разни поправки, други материјали. Трошоците по ова ставка се во износ од 135,782.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 424 – ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ

За проектот “Реновирање на тоалетите во центарот на култура” се исплатени финансиски средства во вкупен износ од 249,452.00 денари. За поправки и одржување на софтверска опрема и одржување на други зелени површини трошените средства се во износ од 45,168.00 денари. Вкупниот износ на ова расходна ставка е 294,620.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 425 – ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

Износот на ова расходна ставка за осигурување на моторни возила, други образовни услуги и други договорни услуги е 28,199.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 426 - ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ

Во ова расходна категорија, трошоците за објавување на огласи се во износ од 36,312.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 464 - РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

Износот на ова расходна категорија за програмски цели и материјални трошоци е 1,225,783.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 480 – КУПУВАЊЕ НА ОПРЕМА И МАШИНА

Износот на ова расходната категорија за купување на канцелариска опрема е 12,000.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 482 – ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ

Во инвестициониот циклус во кој е влезен нашата институција како носител за изградба на објектот на Националната Установа Театар и Библиотека во Тетово, според Анекс Договор бр.20-2064/1 од 31.12.2021 година, за изведба на ‘’ Втора фаза за изградба на нов објект за театар и библиотека во Тетово”, според авансна ситуација, спрема Група на понудувачи со претсавник Д.Г.Т.У. “НБ-ЦОМПАНY” ДОО Тетово има реализирано 69,500,000.00 денари. Исплатени финансиски средства за идеен проект за проектот “Реконструкција на кровна конструкција-купола” се 59,000.00 денари. Вкупниот износ на ова расходна ставка е 69,559,000.00 денари.

Прилог: Табеларен преглед на финансиски извештај на НУЦК “Иљо Антески-Смок“-Тетово.

## I. ПРИХОДИ

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 603 | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 631 | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 787 | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 785 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 723911 | Закупнина од објекти | 0.00 | 781,151.00 | 1,664,111.00 | 0.00 | 2,445,262.00 |
| 725941 | Приходи од минати години | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 286.00 | 286.00 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на РМ | 83,941,689.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 83,941,689.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 83,941,689.00 | 781,151.00 | 1,664,111.00 | 286.00 | **86,387,237.00** |

## II. РАСХОДИ

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 603 | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 631 | ИЗНОС (ДЕНАРИ) КОНТО 787 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **401** | **ОСНОВНИ ПЛАТИ** | 8,543,502.00 | 0.00 | 0.00 | 8,543,502.00 |
| 401130 | Основни плати | 7,931,183.00 | 0.00 | 0.00 | 7,931,183.00 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 612,319.00 | 0.00 | 0.00 | 612,319.00 |
| **402** | **ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ** | 3,322,466.00 | 0.00 | 0.00 | 3,322,466.00 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 2,230,817.00 | 0.00 | 0.00 | 2,230,817.00 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 889,955.00 | 0.00 | 0.00 | 889,955.00 |
| 402220 | Персонален дополнителни придонеси | 59,308.00 | 0.00 | 0.00 | 59,308.00 |
| 402310 | Основни придонеси до агенцијата за вработување | 142,386.00 | 0.00 | 0.00 | 142,386.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,663,210.00 | 45,342.00 | 3,795.00 | 1,712,347.00 |
| 421110 | Електрична енергија | 759,439.00 | 0.00 | 0.00 | 759,439.00 |
| 421120 | Водовод и канализација | 66,866.00 | 0.00 | 0.00 | 66,866.00 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 36,949.00 | 0.00 | 0.00 | 36,949.00 |
| 421290 | Други материјали за греење | 792,107.00 | 0.00 | 0.00 | 792,107.00 |
| 421310 | Пошта | 7,849.00 | 10,784.00 | 948.00 | 19,581.00 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0.00 | 34,558.00 | 2,847.00 | 37,405.00 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 0.00 | 132,302.00 | 3,480.00 | 135,782.00 |
| 423110 | Канцелариски материјал | 0.00 | 17,950.00 | 0.00 | 17,950.00 |
| 423210 | Материјали за АОП | 0.00 | 10,140.00 | 500.00 | 10,640.00 |
| 423310 | Униформи | 0.00 | 14,349.00 | 0.00 | 14,349.00 |
| 423410 | Прехранбени производи | 0.00 | 18,120.00 | 2,980.00 | 21,100.00 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0.00 | 22,825.00 | 0.00 | 22,825.00 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0.00 | 26,278.00 | 0.00 | 26,278.00 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0.00 | 14,580.00 | 0.00 | 14,580.00 |
| 423990 | Други материјали | 0.00 | 8,060.00 | 0.00 | 8,060.00 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 249,452.00 | 27,918.00 | 17,250.00 | 294,620.00 |
| 424210 | Одржување на згради | 249,452.00 | 0.00 | 0.00 | 249,452.00 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска опрема | 0.00 | 27,918.00 | 0.00 | 27,918.00 |
| 424590 | Одржување на други зелени површини | 0.00 | 0.00 | 17,250.00 | 17,250.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 425 | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | 0.00 | 22,299.00 | 5,900.00 | 28,199.00 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0.00 | 9,259.00 | 0.00 | 9,259.00 |
| 425790 | Дополнителни активности | 0.00 | 9,500.00 | 0.00 | 9,500.00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0.00 | 3,540.00 | 5,900.00 | 9,440.00 |
| 426 | **ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | 0.00 | 36,312.00 | 0.00 | 36,312.00 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0.00 | 36,312.00 | 0.00 | 36,312.00 |
| 464 | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | 604,059.00 | 450,435.00 | 171,289.00 | 1,225,783.00 |
| 464990 | Други трансфери | 604,059.00 | 450,435.00 | 171,289.00 | 1,225,783.00 |
| 480 | **КУПУВАЊЕ НА ОПРЕМА И МАШИНА** | 0.00 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | 0.00 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | 69,559,000.00 | 0.00 | 0.00 | 69,559,000.00 |
| 482210 | Подготвување на проекти | 59,000.00 | 0.00 | 0.00 | 59,000.00 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 69,500,000.00 | 0.00 | 0.00 | 69,500,000.00 |
| | **ВКУПНО** | 83,941,689.00 | 726,608.00 | 201,714.00 | 84,870,011.00 |

| | | |
|---|---|---|
| I | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **86,387,237.00** |
| II | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **84,870,011.00** |
| | **ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ** | **1,517,226.00** |

# ЗАКЛУЧОК

Од горенаведеното, како заклучок може да се наведат следниве елементи:

- Периодот 01.01.2021 до 31.12.2021, Центарот за култура го завршува со позитивен биланс на успех;
- Кварталните планирања на Центарот за Култура, не се почитуваат целосно од Министерство за Култура;
- Да се најде Решение за взаемно менаџирање со Тетовски Театар на трошоците и приходите за одржување и користење на нашата целосна инфраструктура.

Обработено од:

Артан Арслани, Програмски раководител ______________________

м-р Шеваљ Сулејмани, Советник за административни, општи и правни работи __________________

Љуљета Шаќири, Советник за материјално-финансиско работење ______________________

Дашнор Аголи, Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство ___________________

НУЦК „Иљо Антески-Смок" Тетово
Директор

______________________
м-р Арлинд Хусеини